Врз основа на член 145 став (7) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.178/21), Владата на Република Северна Македонија, на седница, одржана на 14 септември 2021 година, дава

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Безбедност на храна“ на Факултет за ветеринарна медицина при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје**

1. Со ова решение се утврдува почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Безбедност на храна“ на Факултет за ветеринарна медицина при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По добивање на Решение за акредитација бр.08-125/4 од 20.11.2020 година од страна на Одборот за акредитација на високото образование, Факултет за ветеринарна медицина при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, достави барање бр.03-1624 од 21.12.2020 година, до Агенцијата за квалитет во високото образование, заведено под бр. 08-312/1 од 21.12.2020 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Безбедност на храна“ на Факултет за ветеринарна медицина при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје.

Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, со Решение бр. 08-312/2 од 12.2.2021 година формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 15.2.2021 година, изврши увид и изготви Извештај бр. 08-312/3 од 16.2.2021 година, во кој се констатира дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Безбедност на храна“ на Факултет за ветеринарна медицина при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование* и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Согласно член 145 став (7) од Законот за високото образование* Решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус дава Владата на Република Северна Македонија, по добиена акредитација од страна на Одборот за акредитација на високото образование и по добиен позитивен извештај за исполнетост на условите за почеток со работа на студиските програми.

Решението задолжително се објавува на веб страната на Агенцијата за квалитет во високото образование.

Имајќи го предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

Бр.40-9760/1
14 септември 2021 година
Скопје

ПРВ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

dr. Artan Grubi